Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневните настани 23.11.2023

Полициски службеници на СВР Тетово, со судска наредба, вчера (22.11.2023) извршиле претрес во домот и помошни простории на 47-годишниот тетовец А.Е., кој се барал за издржување на затворска казна. При претресот, во просториите кои ги користел А.Е., а кој во моментот бил отсутен, пронајден е и од неговата 38-годишна сопруга одземен е хероин, како и предмети со остатоци од хероин. По комплетно документирање на случајот против А.Е. ќе следува соодветен поднесок по член 215 од Кривичниот законик.

На 22.11.2023 година во 21.25 часот во Струмица, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица го лишиле од слобода Н.Ш.(23) од Струмица. При преглед на патничко возило „фиат" со струмички регистарски ознаки, кое го управувал, била пронајдена и одземена марихуана. За настанот бил запознаен Јавен обвинител од Основно јавно обвинителство Струмица и по документирање на случајот против Н.Ш. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.11.2023 околу 02.10 часот на улица „Киро Ристевски-Дрнц" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го привеле 31-годишниот тетовец Ш.Р.. При негов и преглед на патничко возило „рено" со албански национални ознаки, во кое се превезувал со уште три лица, кај него била пронајдена марихуана. Се расчистува случајот и против него ќе следува законски предвидениот поднесок.

На 22.11.2023 во 15.10 часот на подрачје на Сарај, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода К.С.(51) од с.Љубин, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 22.11.2023 во 18.20 часот на улица „Методија Стефаноски" во Кичево, полициски службеници од ОВР Кичево го лишиле од слобода С.Н.(35) од Кичево, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 22.11.2023 во 17.30 часот на Граничен премин Табановце, полициски службеници го лишиле од слобода Н.К.(29) од Република Косово, затоа што при извршен преглед било констатирано дека на увид приложил патна исправа на име на друго лице. Н.К. е предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 21.11.2023 во 16.40 часот во СВР Тетово е пријавено дека во близина на фудбалскиот стадион во гостиварска Горна Бањица е пронајдена рачна бомба од италијанско производство, која потекнува од Втората светска војна. Бомбата била подигната од претставник на Дирекцијата за заштита и спасување.
Во текот на вчерашниот ден (22.11.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 144 возачи. Од нив, четири возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 78 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 66 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (22.11.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 99 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 17 санкции, пет мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

На 21.11.2023 во ОВР Прилеп било пријавено дека во 13.30 часот на крстосница од ул.„Тризла", ул.„Горан Миноски" и ул.„11 Октомври" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фиат", управувано од Ж.П.(61) од с.Вогани, прилепско и патничко возило „опел", управувано од Е.И.(33) од Прилеп, двете со прилепски регистарски ознаки. Во несреќата В.Ш.(24) од Прилеп, сопатник во возилото „опел" се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општа болница Прилеп. Увид на местото бил извршен од екипа од ОВР Прилеп.

На 22.11.2023 во 12.50 часот во Полициската станица Бит Пазар, Л.Х.Р. (54) од Скопје пријавила дека на ул.„Втора македонска бригада" непозната малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 22.11.2023 во 13.50 часот во СВР Битола, Е.К.(67) од Битола пријавил дека во Градскиот парк бил каснат од куче скитник.

На 22.11.2023 во 11.50 часот во Полициската станица Струмица, Е.А.(68) од село Радичево, струмичко, пријавила дека во село Радичево била касната од куче скитник.

Денеска (23.11.2023) во 10.15 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.А.(24) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против С.Г.(41) од Скопје, со живеалиште во охридското село Елшани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Тој, на катастарска парцела во селото, изградил куќа без соодветна дозвола издадена од надлежен државен орган, што било констатирано од извршен инспекциски увид.

На 22.11.2023, полициски службеници од криминалистичката полиција на СВР Битола го лишиле од слобода А.А(30) од Битола. При претрес во неговиот дом, извршен со наредба од Основен суд Битола, биле пронајдени предмети поврзани со кривично дело по член 215 од Кривичниот законик.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против М.А.(24) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". При преглед во патничко возило „ауди", со кое тој се превезувал, полициските службеници кај него пронајдоа и одземаа марихуана.

На 22.11.2023 на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 17 прекршоци, од кои 11 надвор од населено место и 6 во населено место. Санкционирани биле и 28 други видови на прекршоци, од кои 1 за нерегистрирано возило, 6 за управување возило без возачка дозвола, 1 за возач почетник, 3 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за непрописно престигнување, 3 за користење мобилен телефон и 15 за непрописно паркирање.

На 22.11.2023 полициски службеници од криминалистичката полиција на СВР Битола го лишиле од слобода С.С.(21) од Битола. При претрес во неговиот дом, извршен со наредба од Основен суд Битола, биле пронајдени предмети во врска со кривично дело по член 215 од Кривичниот законик.

На 22.11.2023 во периодот од 16.00 до 22.00 часот, при извршени сообраќајни контроли во Охрид, полициските службеници затекнале и санкционирале 18 возачи кои во и надвор од населено место управувале моторни возила со брзина поголема од дозволената. На сите им се поднесени соодветни поднесоци.

На 23.11.2023 во 00.00 часот на подрачје на Кисела Вода, полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода ги привеле Ф.К.(21), Л.Б.(19) и П.Ф.(18), сите од Скопје, затоа што со возило „бмв" со скопски регистарски ознаки, кое без дозвола го управувал Ф.К., не застанале на знак за запирање даден од полициски службеници и агресивно се однесувале кон нив при извршување службени дејствија. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје поднесе кривична пријава против Т.Ф.(32) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори" и „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". Полициски службеници извршиле претрес во неговиот дом во с.Страчинци, скопско, при што пронашле и одзеле хероин, кокаин, дигитална вага со остатоци од хероин и кокаин, две рамки од автоматска пушка, 339 куршуми, една пушка, ловечка пушка и 13 ловечки патрони.

На 22.11.2023 во 22.35 часот во СВР Скопје било пријавено дека на гробиштата во атар на с.Пагаруша, скопско, неколку лица оштетиле гроб. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.М.(57) од с.Брвеница, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „перење пари и други приноси од казниво дело". Во текот на 2019 година, пријавениот со парите стекнати од инкриминирани дејствија поврзани со кривично дело „даночно затајување", купил патничко возило во износ вкупно од 1.359.600 денари од авто салон во Тетово.

На 22.11.2023 во 15.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Казнено-поправна установа Затвор Идризово, 32-годишниот осуденик З.Н. од с.Батинци, скопско, агресивно се однесувал и упатил закани кон полициски службеник кој извршувал службени дејствија. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.11.2023 во 15.30 часот, Ј.М.(41) од Кичево пријавила дека на булеварот „Илинден" во Кичево била касната од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.Е.(56) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или каранаица". На 29.09.2023 во угостителски објект во с.Требош, по претходна расправија поради нерасчистени должничко-доверителски односи, пријавениот со пиштол му се заканил на С.А..

На 22.11.2023 во 17.30 часот на подрачје на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Ќ.(31) од Скопје, затоа што го нарушил јавниот ред и мир и агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 22.11.2023 околу 22.00 часот на подрачје на Драчево, полициски службеници од Полициската станица Драчево го лишиле од слобода А.Т.(39) од Скопје, затоа што физички нападнал полициски службеник кој вршел службени дејствија. Исто така, при извршена контрола било констатирано дека А.Т. бил баран со централна потерница за издржување затворска казна во врска со кривично дело по член 247 од Кривичниот законик.

На 22.11.2023 во 20.30 часот во Полициската станица Бит Пазар, И.Б.(48) од с.Батинци, скопско, пријавил дека на 21.11.2023 околу 12.00 часот на подрачје на Бит Пазар бил физички нападнат од С.Х. од Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 22.11.2023 во 22.47 часот во Полициската станица Ѓорче Петров било пријавено дека на подрачје на Ѓорче Петров бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Р.Ж.(42) и Д.П.(41), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против М.Е.(39) од Берово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 13.11.2023 во основно училиште во Берово, за време на одржување на родителска средба, пријавената упатила закани на наставничката.

На 22.11.2023 во СВР Скопје било пријавено дека во домот во кој живее во Скопје, бил пронајден починат И.Т. (64) од Гостивар. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт, а по наредба на јавен обвинител телото на починатиот било дадено за обдукција.

На 22.11.2023 во 13.00 часот во Полициската станица Карпош, од Јавна установа за згрижување деца било пријавено дека од установата се оддалечил нивниот штитеник Х.С.(14) од Куманово. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 22.11.2023 во 23.00 часот на подрачје на Драчево, полициски службеници од Полициската станица Драчево го лишиле од слобода М.К.(37) од Скопје, затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеник кој извршувал службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет